**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јули 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија м-р Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Почитувани гости,

Ја отворам Свечената седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод Стогодишнината од одбележувањето на Стогодишнината на Македонската државност 1903-2003.

(Претседателот на Собранието на Република Македонија станува.

Сите стануваат.

Хорот ја исполнува химната на Република Македонија.

Аплауз во салата. Сите седнуваат, а хорот ја напушта салата).

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, првиот претседател на Република Македонија, поранешните претседатели на Претседателството на Република Македонија, поранешните претседатели на Собранието на Република Македонија, поранешните претседатели на Владата на Република Македонија, учесниците на Првото заседание на Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија, претседателот на Сојузот на борците на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, началникот на Генералштабот на

Армијата на Република Македонија, ректорите на универзитетите "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, "Св. Климент Охридски" во Битола и Југоисточниот Европски Универзитет во Тетово, поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија, поглаварот на Католичката црква во Република Македонија, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, проповедникот на Евангелско-методистичката црква во Република Македонија, членовите на Одборот за одбележување на Стогодишната на Македонската државност 1903-2003 година, шефовите на дипломатско-конзуларните и други мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

(Претседателот на Собранието доаѓа на говорницата).

Уважени гости,

Ваши екселенции,

Дами и господа пратеници,

Оваа свечена седница на Собранието на Република Македонија е посветена на 100 - годишнината од македонската државност, на славното Илинденско востание од 1903 година и на симболот кој произлезе од него - Крушевската република, но и на сите наши напори за сопствена држава и слобода, крунисани со вториот Илинден - АСНОМ во 1944 година и независноста од 1991 година.

Секој народ и држава имаат свои историски датуми, на кои се случиле големи и херојски настани, инспирирани од исконскиот стремеж за зачувување и афирмаирање на својот национален идентитет и остварување на највисоката цел, стекнувањето на сопствена државност.

Тоа е основниот порив и предизвик што ги тера сите патриоти често пати да се издигнат и над објективните можности во дадениот момент за овие цели да можат реално да се остварат. Како инаку да се толкува фактот што една не така бројно голема, но сепак добро организирана воена формација на македонските востаници се охрабри да влезе во вооружена пресметка со далеку побројната и изразито подобро вооружена војска на тогашната турска империја.

Овој запален слободарски факел ги огреа срцата на македонскиот народ и на сите други граѓани, отворајќи една нова визија за остварување на

вековните сништа за национална држава и слобода и за сопствена држава, идеал константно актуелен и присутен низ сета наша историја пишувана со делото и животите на генерации преродбеници, револуционери и борци за слобода и самобитност.

Илинден и настаните од 1903 година не треба да се гледаат вон од еден подолг историски контекст. Илинден е само круна на вековните напори на генерации и генерации кои се бореа за слободна Македонија. Но, Илинден е и директен плод на цело едно децениско активно дејствување на сите оние кои директно и индиректно беа вклучени во македонската револуционерна организација на чело со Делчев, Груев, Петров, Сандански, Карев и другите нивни современици.

Востанието од пред точно еден век кое со различен интензитет ја опфати речиси целата територија на тогашна Македонија резултираше, како што е познато со ослободувањето на Крушево, во кое се создаде и прогласи Крушевската република.

Начинот на кој е избрана и организирана, нејзиното функционирање со своја претставничка, извршна и друга власт, актите што Крушевската република ги донесе за време на своето постоење, потполно ја одредуваат како носител на легитимна власт на тој дел од територијата на Македонија.

Се разбира меѓу издадените акти, посебно место му припаѓа на Крушевскиот манифест кој претставува програмска декларација за целите и стремежите на востаниците и ги оцртува основите на заедништвото меѓу Македонците и деловите од други народи со кои заедно живееме и кои учествуваа исто така во тие историски случувања. Манифестот за таа цел го повикува и македонското и влашкото и албанското и турското население да се придружат на востаниците објаснувајќи му дека борбата е општа и насочена против тиранијата и против насилството, а не против Турците како такви.

Крушевската република беше првата република на Балканот и остана симбол за сите генерации и за современата слободна македонска држава која ги декларираше суверените права на македонските граѓани. Духот и филозофијата кои зрачеа од темелните определби на документите на Илинден, но и на Крушевската република беа нешто сосема различно од стереотипите на тогашните европски состојби, бидејќи од еден со векови угнетуван, но горд народ, на Европа и беше претставена и понудена за тоа време една нова, нагласено демократска визија за

односите меѓу народите и државите кои таа започна интензивно да ги гради дури од средината на минатиот век.

За жал само по десет дена промовираната Крушевска република, соочена со несразмерно побројната и подобро вооружена турска војска, претрпува пораз и со тоа се прекина штотуку започнатиот од на македонската државност. Но, само за кратко. Таа искра и тој пламен никогаш повеќе не згаснаа и останаа да светат над Македонија како надеж и како аманет се до денес и до сите идни генерации. Херојската борба на востаниците и на крушевскиот војвода Питу Гули кои заедно до последен ги положија своите животи на Мечкин Камен, но и на Слива, Клисура и многу други боишта, силно одекна ширум светот. Многу држави и видни личности од тоа време го осудија насилството што беше применето потоа и што следеше натаму од османлиите во угнетувањето на слободата.

Краткотрајноста на Крушевската република со ништо не го намалува нејзиното значење за нашиот долг пат кон самостојна држава, но и како трајна инспирација за нашите идни борби.

Паралелно со овие настани во тој период се одвива и уште една исто толку важна борба на македонскиот народ. Борба за свој етнички, јазичен и културен идентитет. Поединци и групи интелектуалци во македонската духовна и политичка мисла ќе внесат погледи од далекусежно значење за развојот на националноослободителната идеја и за афирмација на нашиот национален идентитет.

Во тој поглед секако огромно е значењето на Крсте Мисирков и неговото дело чија појава е една од одредниците за развојот на македонската политичка мисла и за нејзината афирмација во меѓународната демократска јавност.

Во познатата студија “За македонцките работи”, чија 100-годишнина од излегувањето од печат, исто така, ја одбележуваме оваа година, Крсте Мисирков врз научна основа и преку една продлабочена анализа отвора и покренува неколку основни прашања од историјата на македонскиот народ и неговите борби за национално ослободување, меѓу кои од особено значење се:

- развојот на македонската национална свест;
- самобитноста на македонскиот народ и неговите специфичности;
- улогата на пропагандите во спречувањето на самостојниот развој на македонската национална индивидуалност;

- значењето на создавањето самостојно политичко движење, кое треба да го обезбеди конституирањето на македонската држава и со тоа да ја спречи делбата на Македонија меѓу балканските држави

- и можеби најбитното: Мисирков ги удира темелите на македонскиот литературен јазик и научно ги образложува.

Во третирањето на сите овие прашања тој тргнува од основната премиса дека Македонците се засебен народ со своја историја и со свои културни традиции.

Набрзо, под удар на балканските, а подоцна и Првата светска војна, идеите на Илинден пак за нас стануваат многу далечни. Една окупација се заменува со неколку нови. Но и во тие услови различни политички сили и политички движења во Македонија во соработка едни со други, или изолирани меѓу себе продолжуваат со борбата за слобода на Македонија.

Само неколку децении по Илинден мрачните облаци и силите на фашизмот го доведоа светот и особено Европа во дотогаш невиден воен судир на огромна воена машинерија, поделена во два големи воено спротивставени блока. Македонија по кој знае кој пат беше окупирана и поделена, овој пат од фашистичките сојузници.

Македонија, како и многу пати дотогаш, повторно беше соочена со нови страдања кои директно беа вперени во загрозувањето на нејзиното опстојување и разбивање на нашиот национален и културен идентитет. Но, тоа беше едновремено и нов предизвик и нова шанса за сите нас. Беше извонредно сложено и опасно, но сепак далековидно и мудро да се одбере вистинската страна во овој глобален воен судир, а тоа беше антифашистичката коалиција и демократските сили на светот во обединетата заедничка цел победата врз силите на геноцидот, уништувањето и мракот.

Се јавија во Македонија нови следбеници на идејата и делото на илинденците кои повторно ги поведоа македонските патриоти во уште една историска и решавачка борба за слобода и стекнување сопствена држава.

Така во 1941 година Македонија се крена на ново востание и вооружена борба против новото ропство и тиранијата.

Жестокиот терор повторно не можеше да го сопре бурниот растеж на народноослободителното движење. Почетните мали партизански воени единици, поради постојаниот прилив на нови борци, со време прераснаа во големи воени

формации и во армија способна да води стратегиски воени дејствија на целата територија на Македонија. И не е случајно што првите партизански одреди ги зедоа имињата " Гоце Делчев", "Даме Груев", "Питу Гули", "Јане Сандански" итн. Тие ги пренесоа идеите на Илинден во новите услови. Покажаа дека се следбеници на светото во нашата историја, но и спремни овојпат работата да ја доведат до крај. Затоа денес со гордост можеме да кажеме дека токму таа војска и целиот народ кој застана зад неа и ја поддржуваше го победија и изгонија непријателот и ја извојуваа за нас долго посакуваната слобода.

И повторно на истиот ден, на Илинден, на 2 Август 1944 година, во Манастирот Св. Прохор Пчински се одржа Првото заседание на АСНОМ, на кое избраните делегати се уште во огинот, но и при крајот на војната, го потврдија создавањето на својата држава во лицето на демократска федерална Македонија, во рамките на тогашната федерација.

Конституирајќи го Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (чиј директен следбеник е и нашево денешно собрание), како врховно законодавно и извршно претставничко тело и највисок орган на државната власт, првото заседание во својот манифест до македонскиот народ и до сите граѓани на Македонија прокламираше "Од тешките борби и пролеаната крв на најдобрите синови излегоа денес првото Народно собрание тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет и ја прокламира пред целиот свет полната национална слобода на македонскиот народ и на сите кои живеат во Македонија првата слободна македонска држава".

Во годините на повоениот период кои следеа, народот ги впрегна и разгрна сите свои со векови потиснувани материјални и духовни способности и сили кои овозможија еден постојан и траен континуитет на сестрана општествена, политичка, културна и економска преродба во нашата држава.

Полувековниот период на заедничкиот живот во федералната заедница е секако значаен дел од македонската историја, бидејќи овозможи натамошно втемелување и натамошно градење на сопствената држава на патот кон оваа денешна суверена и независна Република Македонија.

Но и таа заедница западна во криза. Фактот што во таа ситуација Македонија се залагаше за мирна разврска на кризата придонесе нашата држава да избегне големи воени разрушувања и човечки жртви.

Во тој турбулентен и многу опасен период Собранието на Република Македонија и Македонија во целина втемелувајќи го плуралниот политички амбиент едновремено стана средишно место, каде што многу често и покрај изразито спротивставените ставови, сепак надвладуваше свеста за историската одговорност да се донесат сите одлуки и акти од државотворен карактер за Република Македонија. Да се потсетиме на оние најзначајните:

- во јануари 1991 година Декларацијата за сувереност на Република Македонија;
- во август 1991 година Одлуката за спроведување на Референдум за независност. Граѓаните на Македонија чувствувајќи го историскиот миг со воодушевување излегоа на 8 септември 1991 година денот на Референдумот да го дадат плебисцитарно својот глас за независна и суверена држава Република Македонија и
- набргу потоа на 17 ноември, истата година, Собранието тргнувајќи од резултатите од Референдумот го донесе и најзначајниот државно-правен акт Уставот на Република Македонија, кој значеше и формален и суштински почеток на нашата денешна независна држава - Република Македонија. Тој Устав со неговите најнови измени денес е посовремен и дава реални шанси на сите да ја чувствуваат Македонија како своја држава и да можат во неа целосно да се реализираат и интегрираат. Но, исто така, и целосно да го понесат и својот дел од одговорноста, а таа е многу поголема одошто навидум изгледа, па дури и поголема од правата кои тој Устав денес ги овозможува.

Со конституирањето на законодавната, извршната, судската и локалната власт се обезбедија сите предуслови за функционирање на правната држава и владеењето на правото. Со тоа Република Македонија од аспект на внатрешното правно и фактичко уредување зачекори во редот на современите демократски држави на Европа и светот.

Дами и господа,

Паралелно со овој процес на внатрешно структуирање и функционирање на Република Македонија, течеше не помалку значаен, но можеби потежок и посложен процес, на нејзиното меѓународно признавање, односно рамноправно интегрирање во светската заедница на самостојни и суверени држави.

Декларацијата за меѓународното признавање на Македонија, усвоена од ова Собрание на 19 декември 1991 година беше појдовната платформа за

бројните активности во процесот на меѓународното признавање на Македонија, како нова држава на Балканот и во светот. Правото на самоопределување и на сопствена државност требаше да се избори и потврди на меѓународен план низ еден сложен и понекогаш болен процес, исполнет со притисоци, ембарга и конфликти.

Бевме исправени пред задачата самостојно, со примена на демократски средства, да ги разрешуваме прашањата што ни ги поставуваше секојдневниот живот и времето во кое живееме. Едновремено пред судот на меѓународната заедница беа ставени способностите и капацитетот на оваа држава за зачувување на сопствениот територијален интегритет и суверенитет, изградба на демократски државни институции и остварување на функционална власт, почитување на општоприфатените стандарди на меѓународното право, а особено оние сврзани со заштитата и остварувањето на индивидуалните човековите права.

На Македонија и беше наметната и една друга, во светот дотогаш непозната, битка за името, идентитетот и опстанокот. Името со кое самите со векови се нарекуваме и се препознаваме во однос на другите, беше и се уште е оспорено.

Пресвртен момент за надминување на оваа апсурдна ситуација е приемот на Македонија во Организацијата на обединетите нации во 1993 година со познатата компромисна формула. Сепак, приемот во ООН еднаш за секогаш ја смести Македонија во редот на рамноправните нации во светот и тој процес е веќе неповратен. Во седиштето на ООН се прозборе и на македонски и се изговори името и мислата на нашиот великан Делчев. Но, проблемот со името, барем за дел од светот, сеуште останува нерешен.

Сакаме да веруваме дека зад нас е и односот на нашите соседи од минатото со кој е негиран или националниот идентитет, или јазикот, или државноста, или името, или црквата на нашиот народ. Но изгледа не е така. Сепак денес веќе забележливо е присутен тренд на добри, разновидни и развиени односи со сите наши соседи. Од наша страна сакаме и настојуваме од во историјата познато “јаболко на раздорот” и конфронтирани туѓи аспирации кон нас да станеме фактор на мирот, стабилноста и соработката на Балканот. Поговорката за доброто на нашите соседи како сопствено добро, а лошото за нив како лошо и за нас многупати е потврдена во нашиот регион - време е тоа да стане раководна девиза за сите овие држави, сегашни и идни членки на обединета Европа и припадници на евроатлантското семејство на народите.

Европската и евроатлантската опција на Република Македонија беше клучен елемент на нејзината државна надворешна политика уште од самиот почеток. Таа ужива висока поддршка кај нашите граѓани и во повеќе прилики на консензуален начин е потврдувана од релевантните политички партии.

Сега сме во период кога треба да го надоместиме загубеното време во процесот на нашето европско и глобално интегрирање. Тоа е поврзано пред се со нашиот ангажмант и истрајност во остварувањето на европските и евроатлантските задачи кои се поставени пред нас. Охрабрувачки дејствува што се повеќе доминира свеста за тоа дека евроатлантската заедница на народите и европскиот дом останува недограден доколку не ја вклучат Република Македонија и другите земји од Регионот. Но, перспективите за нас и другите земји мора да бидат конкретно поткрепени со механизмите и средствата кои се потврдија на примерот на земјите кои веќе се приклучуваат на овие заедници.

Битката за меѓународно интегрирање на Република Македонија, како и за било која друга држава нема ниту победници ниту победени. Има само добитници - тоа се европската и меѓународната заедница на народите и државите и високите стандарди и принципи што ги поврзуваат сите.

Почитувани дами и господа,

Ве уверувам дека кога илинденците и другите паднати борци за слободна Македонија би знаеле дека денес Македонија е слободна земја, со свое место во Европа и во светот, со свои граници и со свои институции, дека имаме свое Собрание кое сами го избираме и во кое сами и во слобода одлучуваме, дека нашите деца учат на свој јазик и дека се натпреваруваме со другите народи во светот на економско, политичко, културно, спортско, образовно, научно и други полиња, тие сигурно би биле горди како што сме горди и ние со нив денес. Но, пред нас стојат и нови предизвици.

На сите нас ни претстојат и други задачи. Ние мораме на нашите граѓани да им понудиме економски просперитет и постојано зголемување на нивниот животен стандард. Не смееме да заборавиме дека без работа и без основна егзистенција идеалите за слобода постојано се подложуваат на релативизирање. Мораме да ја вратиме и безбедноста во земјата, безбедноста на животот и на имотите на нашите граѓани. Велам вратиме, затоа што ја имавме, а во 2001 година ја изгубивме безбедноста и сега ни претстои макотрпен процес тоа враќање кон безбедноста да го завршиме до крај. И на крајот на краиштата мораме на нашите

граѓани, без разлика на нивното етничко или верско потекло, да им овозможиме да се чувствуваат и да бидат рамноправни со другите народи во Европа. Затоа што тие тоа го заслужуваат, а ние, секако, тоа им го должиме.

Дами и господа,

Во ова мое пригодно обраќање се обидов да се навратам на настаните кои се случија во Македонија во изминатите 100 години кои сметам дека се битни секој сам за себе, но и сите заедно како една целина во вкупните напори на генерациите македонски патриоти во стекнувањето на сопствена држава - Република Македонија.

И двата Илиндена, оној од 1903 и оној од 1944 година остануваат симболи на овоплотување на една трајна желба и стремеж со сопствени сили да се оствари посакуваната слобода.

Зад нас целосно остана 20. век. Ако има векови кои се важни за некои народи, тогаш 20. век за нас е исклучително важен. Го започнавме поробени и со востание против империја која во тоа време се простираше низ целиот источен Медитеран. Во меѓувреме доживеавме и нови посегања и нови окупации на Македонија од уште најмалку седум држави и исто толку борби за своја слобода и сето тоа само во еден век. Но никогаш не бевме скршени. Духот на Илинден не следеше и не следи се до денешната независност. Македонскиот 20. век во исто време е и најтежок, но и век во кој ја стекнавме сопствената слобода. За тоа положивме многу жртви, но тие не се залудни. Тие вечно ќе останат во нашето сеќавање. Денес кога прославуваме, ние едновремено чествуваме и со сите нив.

Затоа сите ние кои живееме на тлото на Македонија денес – Македонците, Албанците, Турците, Србите, Власите, Ромите, Бошњаците и другите заедници треба да сме горди на нашите предци, на својата слобода и на нашата држава Република Македонија која, исто така, треба заеднички да продолжиме да ја градиме.

Тоа им го должиме на сите предци кои низ нашата вековна историја ги вложија своите животи за денешната македонска држава, но и на идните генерации на кои треба да им обезбедиме сигурна, просперитетна и среќна иднина.

Да живее Илинден.

Нека е вечна и вековита Република Македонија.

Благодарам.

(Аплауз).

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Дами и господа,

Ја заклучувам Свечената седница на Собранието на Република Македонија.

Дозволете да Ве поканам на прием во Свечената сала на Собранието на Република Македонија, веднаш после оваа седница.

(Седницата заврши во12,30 часот).